ЈЗУ Здравствен дом “Здравје” Валандово
Соопштение до јавноста
Дата: (да се наведе дата на испраќање)

Почитувани граѓани, корисници на здравствени услуги,

Сакаме да ве известиме дека во тек е реконструкција на објектот на ЈЗУ Здравствениот дом “Здравје” Валандово, согласно проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП). Овој проект се имплементира преку Министерство за финансии во соработка со Министерството за здравство, а истиот е финансиран со средства од Светска Банка.

Реализацијата на овој проект опфаќа, изолирање на фасадата на објектот, замена на прозорци и надворешни врати, замена и дополна на постоечки механички вентили со нови термостатски вентили на радијаторскиот систем за греење како и замена на светилките со нови енергетско ефикасни светилки.

Половина од реализацијата на овој проект е успешно завршена, а Целта на реализација на овој проект е преку значително и квалитетно zголемување на енергетската ефикасност на целиот објект, жителите на Општина Валандово и околните населени места да имаат пристап до подобри услови и услуги, а вработените во институцијата да имаат подобри услови за работа.

Со почит,
ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „Здравје“ ВАЛАНДОВО